Уп. бр.08-68

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на адреса Давид Рицардостраат 1, 1066 ЈС Амстердам, Холандија, преку Златко Кујунџиски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 10.05.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на адреса Давид Рицардостраат 1, 1066 ЈС Амстердам, Холандија, стекнува контрола над Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 12.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на адреса Давид Рицардостраат 1, 1066 ЈС Амстердам, Холандија, со која Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В. стекнува контрола над Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Трансакцијата се состои од стекнување на 100% удел во основната главнина на Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о. од страна на Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., по што Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., ќе стане единствен содружник во Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В.** е друштво чија регистрирана дејност е финансиски холдинг. Друштвото дејствува како холдинг компанија на определена група на друштва кои вршат услуги на B2B (business to business) наплата на долгови за Атрадиус Н.В., неговите фирми-ќерки и трети страни. Подносителот е дел од Атрадиус Групацијата, а Атрадиус Групацијата е дел од Цаталана Оцциденте Инсуранце Групацијата (Catalana Occidente Insurance Group) кое е во сопственост на Групо Цаталана Оцциденте С.А. (Grupo Catalana Occidente S.A.) со регистрирано седиште во Шпанија.

Атрадиус Цоллецтионс Холдинг Б.В., Атрадиус Групацијата и Цаталана Оцциденте Инсуранце Групацијата не се присутни во Република Северна Македонија преку регистрирани ентитети.

**Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о.** е основано на 26 октомври 2022 како резултат на издвојување од Про Колект ДОО кое стана единствен содружник на Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о. Про Колект ЦЦР, друштво за извршување,

д.о.о. стана универзален правен следбеник на Про Колект ДОО во однос на правата и обврски пренесени во постапката. Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о. е дел од Про Колект Групацијата чија главна дејност е наплата на долгови. Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о. е директна фирма-ќерка на Про Колект ДОО.

Про Колект ЦЦР, друштво за извршување, д.о.о. е сопственик на Про Колект ДООЕЛ Скопје, со регистрирана адреса на ул. Христо Татарчев бр.121-Г, Скопје, Република Северна Македонија, кое има регистрирана приоритетна дејност 82.91-дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**